# ШЕМОВ



# ŠEMOV

на корицата:
Магија

# СИМОН ШЕМОВ
# SIMON ŠEMOV

музеј на современата уметност – скопје
21.VI – 21.VII 1991
museum of contemporaty art – skopje



# „ХИПОСТАЗАТА“
# на
# цветот – ангелот

## к о н т е к с т о т

Во осумдесеттите години, кога ликовните уметници (и наши и туѓи) се делеа на нео-експресионисти и нео-геометричари, а под куполата на Постмодерната се згусти толку многу „нова“ уметност, во Македонија со Петре (Николовски), Глигор (Стефанов), Јован (Шумковски), групата „Зеро“... и со Симон (Шемов) се случи ДРУГ расплет. Сиромашните материјали (хартија, дрво, слама, памук, гранки, песок...) станаа само супституција на определбата кон – онтолошки – својата – ВЕРБА. И за прв пат во нашата ликовна историја се слушнаа јасно дефинирани ставови од другите југословенски простори за субјективитетот на македонското ликовно битие. Таа „РАБОТА“ на младите и генерацискиот отпадник СИМОН ШЕМОВ ја означи со својата ликовно необична личност.

## о т п о р о т

Она што е означено како жанровска, медиумска и стилска интерференција е во најтесна релација со творечката личност на Шемов. Постои степенување во значењето на овие три категории. Жанровската разновидност, и така честа и толку обична во ликовната уметност (едновремен интерес и за фигура и за пејзаж и за мртва природа), сама по себе не предизвикува. Она што во случајов ја прави интересна е нејзината зависност од медиумската и стилската компонента. Дијапазонот на интересирањето кон медиумите кај Шемов (од цртеж преку графика, слика, објект и стрип, до инсталација) поврзан со жанровската разновидност ја проширува и усложнува скалата на можните решенија во испреплетувањето. Кога кон овие комбинации ќе се приклучат и долгувањата што овој автор ги има кон многу ликовни поетики и изразности (нова фигурација, поетска фантастика, поп и оп арт, нова уметничка практика итн.), варијациите стануваат практично непресметливи. Ваквите констатации се последица на исклучителната „врзаност“ на Шемов за љубопитството и за експериментот како негова консеквенца. Природата на вечното незадоволство на авторот со постигнатото, што можеби е во основниот слој на тоа љубопитство, гради уметност што „скока“ од проблем на проблем, од едно ЗОШТО во друго без да дојде до тоа задоволувачко ТАКА или ЗАТОА. Бегањето од – тоа – фактички – непостоечко – трајно – решение, во сликарската емпирија на Шемов е означено како барање што не се исцрпува, не се заситува – постои како глад што трае. Авторот не го почитува традиционалното, го руши утврдениот запис и трага по други формулации што го заобиколуваат кругот, мислејќи ја, пред сé и над сé, оностраноста наместо овостраноста, инаквоста, наместо таквоста. Реториката на отпорот/непослушноста го одлепува од конвенционалноста на медиумот, жанрот, стилот...

Во тоа движење на прашањата во процес и на задачите во неизвесната судбина, просторот на интересирањето широко се отвора кон утопијата. Неочекуваното и необичното во тоа бегство од тривијалното е иницијацијата на ЖЕЛБАТА ЗА УТОПИЈА токму од малото, незабележителното, обичното. Како му успева на авторот да ја опредмети таа алхемична операција: од ништожното да создаде одуховена, трансцендирачка означеност и на тој начин да ѝ се спротивстави на хиерархијата на значењата и вредностите на нештата во светот?

## н е в и н о с т а

Најсуштествителната потка во ликовниот опус на Шемов е приврзеноста кон природата. За разлика од некои негови дела, настанати во минатото, последниве пет години, таа релација се остварува со оној дел од природата што не е засегнат од цивилизацискиот синдром: да се запази невиноста „од времињата кога Адам им

давал имиња на животните"[1]. Така, таа – природата – му се јавува како интересна само во оние сегменти што значат првобитност и чистотност на пасторално-идиличната расположба. Зад некои познати форми на појавност (цвет, облак, пламен, јаже, ангел), втиснати врз хартијата што авторот сам ја изработува од целулозни влакна, стои идејата за копање дупки во природата, за непотрошливоста на нејзиниот поим, за цедење на уште и уште значења од нејзиниот волумен, што често неоправдано го сметаме за познат. Иаку ја третира како сознајна новост, Шемов ги затврднува на хартијата четирите пра елементи што го иницирале животот (земјата, водата, огнот, и воздухот) како и продуктите од движењето на енергиите. И елементите и енергиите и резултатите „работат" синхроно, едновремено, на една друга „поезија на желбата": на само – во – авторовата – имагинација – егзистирачката – природа. Материјалната тактилност на „пламениот", „небесниот", „ливадскиот" или „морскиот" исечок итн., е означеност испразнета од значењата на видливото. Матисовската миметичност на централните форми (ергон) што ги имаат како рамка (парергон) цветните ливчиња, се своевидни имагинарни магии што ја чуваат чистотата на мислата, изразот, душата и ја поттурнуваат на страна смртта како негативна енергија („Магија против алкохолизмот", „Магија за одржување на човекољубието", „Бела магија", „Магија против каснување од змија", „Магија за среќно враќање дома"). Кога се има предвид дека сите овие магиски операции запазуваат естетичност/хедонизам и ликовна инвентивност на рамниште што цели, пред сè, кон едно максимално јаство, станува јасно дека целиов дискурс се сведува на феноменолошка проблематика. Внимателниот подбор на структурите, во таа своерачно создадена хартија, подразбира симултана грижа за тонските нијанси на белата и блиските на неа односи. Инсистирањето врз тактилноста, покрај крунската улога на визуелното, донекаде и на олфактивното, ја пробудува просторната и временската конотираност. Сè заедно наведува на што е можно поцелосно сетилно опфаќање на уметниковиот резултат.

## у б а в о т о

Зад хедонизмот што се заговара стои авторовата позната теза за оптимистичкото, еудемонистичкото контактирање со светот, за убавото како услов на среќната индивидуа и во извесна смисла за ВРАЌАЊЕ КОН ЕСТЕТИЧНОСТА – став што сè почесто се навестува/предвидува како доминантен во завршетокот на веков. Естетската еуфорија што ни се предлага ги обединува **состојбата пред** и **состојбата сега** во оној прочистен кондензиран вид, во кој дидактичко-морализаторските прашања од типот **како би било, треба да биде, зошто е така...** се заменети со нобилизацијата на нештото што е овде и сега дадено и што има шанси да биде утре поезија на исполнетоста, на реализираната индивидуа како субјект.

## и г р а т а

И, се разбира, во овие познати тези на Шемов повторно има повикување на играта со која кај него почнува и завршува сè. Она помеѓу е големата тајна во која уметникот влегува за да излезе без да ја открие, без да констатира дека таа постои, може да се допре, но не и да се освои, и претставува доволно храна за одење кон напред. Играта на Шемов го следи **принципот на повторување** на знакот или на трагата. Тој е свртен не кон познатото и понекогаш здодевното геометриско репетирање на шаблонот (како во оп или поп уметноста), туку кон повторување на привидно еднаквото (на сличното), при што не се губи или поништува повторуваниот сегмент (ракопис) како во примерот на споменатите ликовни насоки, туку напротив, уште повеќе се зацврснува, бидејќи се потврдува во различното, а не во еднаквото. Тоа е возбудлива особеност на неговиот јазик што ја исклучува заситеноста, ја нагласува гладта за уште – за понатаму – и ја отвора уште повеќе густината на значењата. „Трагата", како што забележува Жак Дерида, „е она коешто не може да се сведе на едноставноста на сегашноста... Трагата е ништо, таа не е бивство, таа го натфрла прашањето што е, но таа и го овозможува. Трагањето е мислење на она што не е

тука, што е отсутно, што било, а сега го нема во неговата целосност, она што останало од некогашното бивство и посочува на протеченото време, на минатото, на отсатниот предмет, ... трагата е дел од целото, исцедок од нешто поголемо, постоечко од кој се исфилтрирало и трагата останала само како знак кој упатува на нешто што треба да се разбере, пре-прочита, пре-раскаже, об-нови и е основа на метафизичкото сознание“[2].

## „листот“

И повторно за хартијата на Шемов. До 1985 година листот од хартија го користи главно како подлога, изедначувајќи ја на тој начин со сите други подлоги. Во циклусот „Чудотворностите на ливадата“ таа добива конотации на материјал за градба (функционален карактер). Од готовата хартија авторот прави летала, ветрила, змејови, „бродчиња“, армоники, магии, џебови..., кои во општата констелација на композицијата го губат идентитетот, означеноста се десемантизира. По неколку години (особено за време на престојот во САД) Шемов ја прифаќа идејата за своерачно направена хартија од целулозна каша (влакна извлечени од најразновидни растенија: памук, коноп, слез, дрво, ориз...). Од оваа смеша обликува објекти што ја следат миметиката на пр. на дрвото-шумата (укажувајќи на еден луцидно смислен обратен процес: добивање на дрво од целулоза), на релјефни површини и плохи. Структурата (гранулацијата), фактурата, бојата и формите се доволно елементи за да се изгради еден интересен ликовен свет. Сега хартијата го губи второстепеното значење, добива централно место: се изградува во алфа и омега на творечкиот процес, постои и дејствува во прво лице – како субјект. Натегнатоста во класичниот цртеж меѓу трпната (пасивната) состојба на хартијата и активната на перото/четката, Шемов ја израмнува и така и цртежот и материјалот се зацврстуваат во едно единствено кохерентно тело.
Ликовниот ентитет во овие најнови дела на Шемов е исклучива реперкусија на оваа постапка. И нема дилема дека оваа постапка ги обединува занаетчијата и ликовниот уметник во една личност. Можеби денес некој со скепса ќе ѝ пристапува на оваа постапка. Но Шемов е автор кој постојано се поставува пред проблемите како кон нешто ново, изворно и прво. Често тргнува од нешто друго, за да ја продолжи својата игра AB OVO, истиснувајќи секогаш од тој почеток траги означени со знакот на индивидуалната моќ на заведување. А на заведувањето во принцип, немаме желба да му се спротивставуваме.

## ангелите

Беше спомнато отцепувањето на Шемов од „горните состојби“[3] (стварноста). Во последните дела тоа „одлепување“ го означувам како возвишување во повисоки сфери. Од целулозната каша се обликуваат ангелите чиј прототип со векови нè набљудува од ФРИЗОТ НА АНГЕЛИТЕ во црквата С. Софија, Охрид. Ангелите се, како што пишува Павле Флоренски „сведоци на границата меѓу видливото и невидливото, како симболични слики на визијата при преминот од едно сознание во друго... И не е случајно што тие сведоци, коишто со своите ангелски ликови ни го прават блиско и достапно она што е невидливо, гласот на народот одамна ги нарекол ангели во телото“.[4]
Тој простор на преобразба на видливото во не – повеќе – така – означеното – е предмет на елаборација и кај младиот македонски уметник Јован Шумковски. Меѓутоа, додека последниов преобразбата ја извршува на друго рамниште и во рамките на нефигуративниот исказ, Шемов се определува за фигуративниот. Тоа што ваквиот избор упатува на традиција, на религија, не е ирелевантно. Но во прашање е и онтолошката истоветност со филозофската и ликовната запрашаност за можните интерференции меѓу видливото и невидливото. Ангелот – творба само – во идејата – постоечка – е сам по себе апстрактен. Неговата припадност на метафизичкото небо

е назначена само со контура, а телото му останува проѕирно/празно или зјае како отвор – како прозорец низ кој струи светлината. Последнава „е неделива во себе и неодвоива од сонцето што свети во надворешниот простор“[5]. Белината (не-бојата, не-стварното) на хартијата, перфорациите (ослободувањето од волуменот и тежината) и ликот на ангелот, одат во прилог на една, со современа терминологија отисната инкарнација на нематеријалното, не многу далеку од одуховеноста на средновековните иконописци кога ги создавале „ангелските икони на ангелскиот свет“[6] – симболи на едно мошне суптилно подрачје.
Христијанството ги смета крилјата (ангелите) за пнеума (дух). Возвишувањето што го предлага Шемов низ ОБОЖЕСТВУВАЊЕТО на ликовниот дискурс не – може – да – не – биде – сфатено – како оттуѓување од земното суштествување. Начинот на кој влегува во онтолошкото јадро на хартијата (со неговата рака создадена) и начинот на кој од така создадената материја (во вториот акт на создавање) го породува телото на ангелот – сето тоа, речиси по угледот на неговата сопствена ерминија ликовно изработување, не може да не нè стави во релација со онаа трансцендирачка состојба на духот на дамнешниот иконописец поистоветен со честа да го симне на земја невидливото, само на боговите познатото видение.

Соња Абаџиева

[1] Во врска со тоа Орсон Велс вели: „Кога се снимаат филмови или некого имитираш или внимаваш да не имитираш, а најважно е да ја запазиш невиноста“, Орсон Велс во: Емисија за Орсон Велс, BBC, Лондон

[2] Jacques Derrida, Istina u slikarstvu, Svijetlost, Sarajevo, 1988

[3] Види: Павле Флоренски, Иконостас, Јасен, Никшић, 1990

[4] Исто, стр. 38

[5] Исто, стр. 41

[6] Исто, стр. 38

# “THE HYPOSTASIS“
## of
## the flower – angel

### c o n t e x t

In the eighties, when artists – both Yugoslav and foreign – were divided into neo-expressionists and neo-geometricists, and a highly “new“ art was being born under the umbrella of Postmodsernism, ANOTHER phenomenon took place in Macedonia with Petre (Nikoloski), Gligor (Stefanov), Jovan (Šumkovski), the Zero Group.. and with Simon (Šemov). *Arte povera* material (paper- wood, straw, cotton, branches, sand...) became only a substitute for the determination towards the – ontological – personal – FAITH. And, for the first time in Macedonian art history precise assessments were heard from other parts of Yugoslavia about the individuality of Macedonian art. SIMON ŠEMOV, a generation renegade, marked that “WORK“ of the young with his unusual artistic personality.

### r e s i s t a n c e

What has been designated as a genre, media or style interference is most closely related to Šemov's creative personality. There is a gradation in the meaning of these three categories. Genre diversity, so frequent and so usual in art (his simultaneous interest in figure, landscape and stilllife), is not a challenge in itself. What makes it interesting in his case is its dependence on the media and style components. Šemov's scope of interest in the media (starting from drawing, through graphics, painting, object and comics, up to installation), alongsidse his genre diversity, broadens and complicates the range of possible solutions in their blending. When we add to these combinations the indebtedness of this artist to different art poetics and expressions (new figuration, poetic fiction, pop-and op-art, new art practice, etc.), the variations become practically incalculable. This is a result of Šemov's exceptional “adherence“ to curiosity and experiment as the consequence of curiosity. The nature of perennial dissatisfaction of the artist with the result – which perhaps lies in the essence of this curiosity – builds up an art which “jumps“ from one problem to another, from one WHY to another, without ever reaching that SO or BECAUSE. The shunning of – that – practically – nonexistent – permanent – solution, is designated in Šemov's art practice as a quest which is not fulfilled or satiated – it exists as a lasting hunger. The artist has no respect for the traditional, he breaks the set rules and searches for other formulations which go around the circle, thinking first and foremost of things beyond, not present, things different, not given. The language of resistance / disobedience makes him detached from the conventionality of the medium, genre, style...

In that movement of questions in a process and of tasks in an uncertain destiny, the scope of his interest broadly opens towards a utopia. The unexpected and unusual thing in that escape from triviality is the initiation of the DESIRE FOR UTOPIA from the small, the imperceptible, the usual. How does the artist manage to perform that alchemical operation – to create from the ordinary a spiritual, transcending sign, and thus oppose the hierarchy of meanings and values of things in the world?

### i n n o c e n c e

The essential element in Šemov's works of art is his attachment to Nature. In contrast to some of his works done in the past, in the last five years he has established a relation with that part of Nature which has not been touched by the civilization syndrome – in order to preserve the innocence “of the times when Adam gave names to the animals.“[1] Thus, Nature appears interesting to him only in those segments which represent the primordial and pure in the pastoral – idyllic disposition. Behind some familiar forms of appearance (flowers, clouds, flames, ropes, angels) on the paper – which the artist himself manufactures from cellulose fibres – there are also ideas of digging holes in Nature, of Nature's inexhaustibility, of squeezing out ever new meanings from its volume which we often and unjustifiably consider well-known. Although he treats it like an epistemological novelty, Šemov firmly establishes the four primeval elements which initiated life (Earth, Water, Fire and Air) on his paper, as he does with the products of the movement of energy. The elements, energy and

the results "work" in synchrony, simultaneously, on another „poetry of desire" – on only – in – the artist's – imagination – existing – nature. The material tangibility of the "flame", "sky", "meadow" or "sea" segments is a sign devoid of the meanings of the visible. The central forms *(ergon)* with their Matisse-like mimetic quality which have petals as their frames *(parergon),* are a kind of imaginary magic which preserves the purity of thought, expression and soul, and pushes death aside as negative energy ("Magic against Alcoholism", "Magic for Preserving Philanthropy", "White Magic", "Magic against Snake Bites", "Magic for a Happy Return Home"). If we have in mind that all these magic operations observe an aestheticism/hedonism and artistic inventiveness on a level which primarily strives towards maximum individuality, it becomes clear that the problem may be reduced to the phenomenological plane. The careful selection of structures on that self-made paper implies a simultaneous care for the nuances of white and the relations close to it. His insistence on the tangible quality, apart from the supreme role of the visual and somewhat of the olfactory, arouses spatial and temporal connotations. All this requires a highest possible sensual and comprehensive encompassment of the artist's result.

## b e a u t i f u l

Behind the proposed hedonism lies the artist's well-known view of the optimistic, eudaemonistic contact with the world, of the beautiful as the condition for a happy individual and, in a sense, for a RETURN TO AESTHETICISM – a view which is more and more often indicated/predicted as the dominant one at the end of the century. The suggested aesthetic euphoria unites **the state before** and **the state now** in that purified condensed type where the didactic and moralizing questions such as **what would be, what should be** or **why is it so...** are replaced by ennoblement of what is now and here, and which tomorrow has the chance of becoming a poetry of fulfillment, of the selffulfilled individual as a subject.

## p l a y

And, of course, there are in these familiar views of Šemov's references to play, which is the beginning and the end of everything for him. What lies in -between is the great secret which the artist enters in order to go out without discovering it, without even confirming its existence; it can be touched, but cannot be conquered, yet it is sufficient food for going forward. Šemov's play follows **the principle of repetition** of the sign or trace. It sticks not to the familiar and sometimes dull geometrical repetition of the pattern (like in op – and pop-art), but to the repetition of the apparently equal (of the similar), where the repeated segment (manuscript) is not lost or annihilated as in the aforesaid art trends, but on the contrary, becomes strengthened even more, as it confirms itself in the different, not the equal. It is an exciting characteristic of his language which excludes satiety, emphasizes hunger for more food – for going further – and enriches even more the density of meanings. "The trace," notes Jacques Derrida, "is what canot be reduced to the simplicity of the present... The trace is nothing, it is not a being, it goes beyond the question of what it is, but also makes it posiible. The quest is thinking of what is not here, what is absent, which was, but is now no more here in its entirety, what has remained from past being and points to elapsed time, to the past, to the absent object,... the trace is part of the whole, a fragment of something bigger, something existing, from which it was filtered out; the trace has remained only as a sign which points to something that should be understood, reread, re-told, re-newed and is a basis for metaphysical knowledge."[2]

## "p a p e r"

And now again, a few words about Šemov's paper. Until 1985 he used the sheet of paper mainly as a base, considering it equal to all other bases. In his "Miracles of the Meadow" cycle the paper has connotations of building material (a functional character). From the ready paper, the artist makes flying objects, fans, kites, "boats", accordions, magic objects, pockets... which have lost their identity in the general constellation of the composition; the

sign has been desemanticized. A few years later (particularly during his stay in the United States), Šemov accepts the idea of making paper himself from cellulose mash (fibres extracted from various plants: cotton, hemp, mallow, wood, rice...). From this mixture he makes objects that follow the mimesis of, for instance, tree/wood on relief surfaces and planes (representing a lucidly devised counterprocess – getting wood out of cellulose). The structure (granulation), texture, colour and forms are sufficient elements for building an interesting artistic world. Now paper loses its secondary significance and is given a central position – it becomes the alpha and omega of the creative process, it exists and acts as a subject. Šemov eases the tension of the classical drawing between the passive state of paper and the active one of the pen/brush, and thus both the drawing and the material become strengthened in one coherent body.
The art of Šemov's most recent works is a direct consequence of this procedure. And there is no doubt that this procedure unites the craftsman and the artist in one person. Perhaps nowadays some artists would approach such a procedure with scepticism. But Šemov is an artist who always confronts problems as new, original and encountered for the first time. He often starts from one thing in order to continue his play ab ovo, always squeezing out from that beginning traces bearing the sign of this individual power of seduction. And, in principle, we have no desire to oppose seduction.

## a n g e l s

We have previosly mentioned Šemov's detachment from the "upper states"[3] (reality). I see that "detachment" in his most recent works as an elevation into the higher spheres. Angels, whose prototypes have been watching us for centuries from the FRIEZE OF ANGELS in the Church of St. Sophia in Ohrid, have arisen from the cellulose mash. The angels are, as Pavle Florenski writes, "witnesses of the border between the visible and invisible, like symbolic images of the vision in the transition from one knowledge into another... And it is not accidental that these witnesses, which make the invisible close and visible by their angelic figures, have long since been called by the people angels in the flesh."[4]
That space of transformation of the visible in no – more – so – designated – is also a subject of elaboration of the Macedonian young painter Jovan Šumkovski. But while he makes his transformations on another level and within the framework of the non-figurative expression, Šemov has chosen the figurative one. The fact that this choice points to tradition and religion is not irrelevant. But it is also a result of the ontological identification with the philosophical and artistic questions about the possible interference between the visible and the invisible. The Angel – a creation only – existing – in the idea – is abstract in itself. His being part of the metaphysical sky is implied with nothing else but contours, while his boody remains transparent/empty or gapes open – as a window through which light circulates. Light "is indivisible in itself and inseparable from the Sun that shines in outer space."[5] The whiteness (non-colour, non-real) of the paper, the perforations (disburdening of volume and weight) and the angel's figure, all of them remind us of a pressed incarnation of the non-material with modem terminology, but non too far from the spirituality of medieval icon-painters when they created "the angelic icons of the angelic world"[5] – symbols of a highly subtle area.
Christianity considers the wings (angels) as a pneuma (spirit). The elevation proposed by Šemov through DEIFICATION of the artistic expression can – only – be – understood – as estrangement from earthly existence. The way he enters the ontological core of the paper (created by his own hand) and the way in which he delivers the body of the angel from the matter so created (in the second act of creation) – all this, almost emulating his own rules of art production, must link us with that transcending state of the spirit of the ancient iconpainter who had the honour of bringing down the invisible to Earth, a sight only known to gods.

Sonja Abadžieva

Notes

[1] In this connection, Orson Welles says: "When you make a film, you either imitate somebody or try not to imitate anybody, but the most important thing is to preserve your innocence." Orson Welles in a BBC London programme.

[2] Jacques Derrida, Istina u slikarstvu (The Truth in Painting), Svijetlost, Sarajevo, 1988.

[3] See: Pavle Florenski, Ikonostas (Iconostasis), Jasen, Nikšić, 1990.

[4] *Ibid.*, p. 38.

[5] *Ibid.*, p. 41.

[6] *Ibid.*, p. 38.

Во Регенсбург во Германија во 18-от век љубопитниот Д-р Јакоб Кристијан Шефер успеал да направи хартија од зелка, од патлиџан, од морков. Џон Мејсон од Англија, во педесетите години од овој век ја полнел машината за мелење месо, со треви од својата градина, за да создаде своја хартија. Јас ја посакував хартијата на мој начин.
Во уметноста мојот сон беше – ливадите да ги пренесам во ателјето. После секое планинско талкање, ранецот мој ширеше мириси од ајдучката трева; глуварчето, овчарското торбиче и листовите од водопија мамеа со својата свежина; засекливата трева за „чувај од лошо“, се просончуваше во прозрачен стаклен сад; меѓу два цртежа, чајот од мајкина душичка ми претставуваше одмор а по некоја китка сулфурест смил, виолетова цветовина од мента или црвена булка ќе заскитаа меѓу моите работни скици и објекти од хартија.
Ги консултирав старите книги. Се дружев со билкари. Посетив мајстори за рачно правена хартија. Патот до хартијата секогаш почнуваше од планината: треба да се појде таму горе, да се наберат билки. Да се одвои внимателно кората од стебленцето со помош на пареа и истата да се исчисти од зелениот хлорофил. Добиените билни влакна треба да се истолчат со дрвен толчник врз рамна подлога и така развлакнети долго да се цедат низ се поситни цедалки. Откако ќе се добие целулозна каша треба да се направи сито, како што старите мајстори тоа го правеле и со него да се нацрпи од кашата. Штом водата ќе се исцеди, на дното од ситото ќе се појави хартијата со сета своја убавина.
Овој процес мене ми понуди градежен материјал, прозрачен превез во кој билките ќе го оставаат својот цветен траг, мирисот, формата.
Конечно ми појде од рака да ја пренесам ливадата преку кондензацијата што ја нудеше процесот на рачно правената хартија.
Не знам што уште овој процес може да ѝ понуди на мојата љубопитност. Дали може одовде да се допре до филозофијата на вегетативниот живот, до тајните на постоењето или опстанокот. Дали ќе ми се појават добрите мали ливадски божества со нивните во векови скриени чудотворности и магии?
Најверојатно е (ова го знам) дека ќе остане само по некоја заробена билка со мирисот што ќе исчезне и бојата што ќе се запече во влакненцата, како траги од преголемата желба да се допре до суштината.

Шемов Симон
21.V 1991

In 18th century Germany, in Regensburg, the inquiring mind of Doctor Jacob Christian Schaeffer managed to make paper out of cabbage, tomatoes and carrots. In the 1950s, John Mason in England filled his mincer with grass from his garden in order to make his own paper. I wanted to make paper in my own way.

My dream in art was to move the meadows into my studio. After my mountain wanderings, my rucksack spread smells of yarrow; the dandelion, shepherd's purse and chicory leaves beguiled with their freshness; the St. – John's-wort which "warded off evil spirits" sunbathed in a transparent jar; the wild thyme tea was refreshing between two drawings, and an occasional bunch of yellow helichrysum, violet mint or Oriental poppy would find their place among my sketches and paper objects.

I consulted old books. I made friends with herbalists. I visited masters of self-manufactured paper. The journey to the paper always began with the mountain: one had to climb up there to gather herbs. You had to carefully steam off the covering from the stem and remove the green chlorophyll. The herb fibres obtained in this way had to be beaten with a wooden pestle on a flat surface and filtered through finer and finer strainers. After you get your cellulose mash you make a sieve, as the old masters did, and put some of the mash in it. As soon as the water drains off, the paper appears on the bottom of the sieve in all its beauty.

This process provided me with a building material, a transparent veil where herbs left their flowery trace, smell and form.

I finally managed to move the meadow by condensation which the process of self-manufactured paper offered me.

I do not know what else this process can offer to satisfy my curiosity. Is it possible in this way to touch the philosophy of the vegetable kingdom, the secrets of existence and survival? Will I see the good little meadow deities with all their miracles and spells hidden over the centuries?

Yet it is most likely (this I know for sure) that only a few captured herbs will remain on the paper with their smell disappearing and colour sealed in the fibres, as traces of the overwhelming desire to touch the essence.

Simon Šemov
May 21, 1991

## СИМОН ШЕМОВ

Роден е 1941 година во Кавадарци. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград во 1964 година. Посетувал постдипломски студии за сликарство и графика на Slade School of Fine Arts во Лондон 1971/72 година. Од 1970 до 1981 предавал сликарство на Архитектонскиот факултет во Скопје, а од 1981 до денес е вонреден професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Студиски престој во САД, СССР, ЧССР, Полска, Франција, Унгарија, Грција, Австрија, Германија, Италија и Бугарија.
Адреса: Бул. „Партизански одреди" 101/1-10, Скопје, тел. 251-739

### НАГРАДИ

1968 – Награда на ДЛУМ „Нерешки мајстори", Скопје;

1969 – Награда за сликарство на весникот „Млад Борец", Скопје;

1979 – Награда за графика на ДЛУМ „Нерешки мајстори", Скопје;

1980 – Награда за сликарство „Лазар Личеноски", Скопје;

1981 – Откупна награда на IV Триенале на современата југословенска графика, Битола;

1982 – Награда на НУБ „Климент Охридски" на годишната графичка изложба на ДЛУМ, Скопје;

1984 – Награда на Уметничката галерија „Моша Пијаде" на V Триенале на југословенската графика, Битола;

1985 – Награда „Никола Мартиноски" на годишната изложба на ДЛУМ, Скопје

1987 – Сомбор, Награда на IX триенале на југословенскиот цртеж;

1991 – Награда и откупна награда на 13 загребачка изложба на југословенскиот цртеж.

### КОЛЕКЦИИ:

Делата на Симон Шемов се наоѓаат во многу музеи, галерии и приватни збирки во Скопје, Белград, Загреб, Штип, Струмица, Кавадарци, Кралево, Ниш, Пула, Ечка, Љубљана, Задар, Зрењанин, Прилеп, Лондон, Њујорк, Сан Франциско, Лос Анџелес, Минхен, Брадфорд, Единбург, Глазгов, Солун, Амстердам, Париз, Осло, Москва, Лисабон, Прага, Хелсинки, Њу Џерси итн.

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1965 Скопје, Работнички универзитет;

1968 Белград, Коларчев народни универзитет;
Скопје, Работнички универзитет (МСУ);

1969 Скопје, Уметничка галерија (организација МСУ);

1970 Струмица. Работнички универзитет;
Скопје, Драмски театар (со Душан Перчинков);

1972 Брадфорд, New Line Gallery;
Лондон, Југословенски клуб:

1973 Единбург, New 57 Gallery;

